СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ НА Р.МАКЕДОНИЈА-Меѓународна конференција **„60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија.“**

---

# И З В Е Ш Т А Ј

Во периодот од 27 – 29 мај 2010 година, во Битола, се одржа меѓународна конференција – Денови на дефектолози. Истата беше во организација на Сојузот на дефектолози на Република Македонија и Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ – Битола, а под покровителство на Министерството за труд и социјална политика на Р.Македонија. Темата на меѓународната конференција беше **„60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија.“**

На конференцијата беа поканети и присуствуваа голем број на стручни лица од земјава и странство.

На стручниот собир покрај членовите на Сојузот на дефектолози на Република Македонија активно учество зедоа и гостите од Бугарија, Хрватска, Србија, Бугарија и Република Косово, односно околу 40 стручни лица од странство.

Од нашата земја свое учество земаа претставниците од неколку институции како: ЗРДС „Кочо Рацин“, ДУРДМОВ „Димитар Влахов“, ПОУ „Д-р Златан Стремац“, ПОУ „Иднина“, „Завод за рехабилитација на слух, говор и глас“ - Скопје, Клиника за детски болести, ПОУ „Маца Овчарова“ – Велес, Институтот за дефектологија и претставници на невладини организации.

Конференцијата свечено беше отворена на 27.05.2010 година во 19.00 часот од Горан Петрушев, претседател на Сојузот на дефектолози на Република Македонија, по што следеше излагање на Проф.др.Љупчо Ајдински на тема **„60 години воспитание, образование, рехабилитација и вработување на лицата со инвалидност во Република Македонија“,** а потоа Проф. д-р Ристо Петров, како член на научниот одброр, го промовираше зборникот на апстракти.

По овие излагања следеа поздравни обраќања на претставникот на Министерството за труд и социјална политика г-дин Марјанчо Тодоровски, на Проф. д-р Горан Ајдински, декан на Филозофскиот факултет во Скопје, на Проф. д-р Филип Дума, професор на клиника за детски болести во Скопје и на Владо Додевски, секретар на Заедницата за вработување на инвалидни лица.

По работниот дел беше организиран коктел за присутните учесници.

---

На 28.05.2010 година во 9.00 часот се започна со работниот дел на кој се работеше во неколку сесии.

Во рамките на конференцијата беа опфатени неколку глобални теми, сесии: рана интервенција, лица со интелектуална попреченост, инклузивно образование, вработување на лица со инвалидност, лица со оштетен слух, лица со растројство во говорот и гласот, лица со аутизам и теми по избор. Во овие сесии беа презентирани вкупно 86 трудови и 7 постер презентации.

Во продолжение на извештајот ќе дадеме детален приказ на работата на секоја сесија одделно: трудовите кои се презентираа, заклучоците и предлозите до кои дојдоа учесниците на сесиите.

## I. <u>Сесија за рана интервенција</u>

<u>(подносител на извештајот – м-р Валентина Дуковска)</u>

Сесијата Рана Интервенција се одржа во временската рамка од 09.00-11.00ч. На истата од предвидени 10 труда беа презентирани 8. Од истите можеме да ги извлечеме следните ***заклучоци***:

Раната дијагностика е основа за успешна превенција, рехабилитација и социјализација кај високо ризичните деца. Истата бара мултидисциплинарност уште за време на престојот во единиците за интензивна терапија и продолжува во раниот развоен период. Раниот ехосонографски преглед на ЦНС е сигурна метода за утврдување и селекција на групата деца кои имаат потреба од спроведување на ран стимулативен или рехабилитационен третман. Системот на рана интервенција бара зацврстување на системот за ран скрининг на слух.(А-1.1. Дума Ф, Дуковска В. Рана дијагностика како основа за рана интервенција кај високо ризичните новородени)

Развојните советувалишта се веќе докажана важна алка во целиот систем на работа со ризичните деца и децата со развојни проблеми, особено на полето на раната интервенција. Се истакна потребата од организирање на раната интервенција на регионален план со цел понавремено откривање и третман на децата со развојни

проблеми. (А-1.2. Двојаков И. Модел на рана интервенција во Р. Македонија: сегашна состојба, можности и перспективи)

Во последните години и во нашата држава се посветува посебно внимание на недоносените, како од медицински така и од неуроразвоен аспект. Потврда на успешноста на медицинските новини, кои резултираат со зголемување на процентот на преживување, се остварува преку следење и утврдување на неуроразвојниот исход кај истите. (А-1.3. Софијанова А, Дуковска В, Сајковски А, Христовски А, Фидановски Д, Којиќ Љ. Високо ризично новородено-недоносено дете)

Успешното спроведување на раната интервенција кај високо ризичните деца започнува во единиците за интензивна терапија како дел од развојната програма со која се покриваат повеќе важни предиктори за развојниот исход: високо ризичното новородено, околината, родителот и здравствените работници. (А-1.4. Дуковска В, Софијанова А, Сајковски А, Христовски А, Фидановски Д, Којиќ Љ, Дума Ф. Високо ризични новородени и развојна програма)

Анализата на спроведуваниот превентивен третман кај децата со вербални отстапувања во редовните градинки покажува зависност на времетраењето на третманот од степенот на одстапување, како и позитивно менување на ставовите на наставниците и родителите кон вака организираниот процес. (А-1.7. Попоска А, Петрушев Г, Теловска Н, Нинеска С. Процесот на превентивен третман во функција на вербалниот развој во предучилишна возраст)

Кај слушно оштетените деца од особено значење е спроведувањето на рана рехабилитација. Термините идентификационен- интервентен коефициент, критичен период и сензитивен период го означуваат времето за развој на одредени структури и способности, како и оптималниот период за спроведување на раната интервенција. Овие показатели помагаат за успешно спроведување на раната рехабилитација. (А-1.8. Велјановска М.Рано откривање, дијагностика и рана интервенција на децата со развојни проблеми и посебни образовни потреби)

Искувставата во САД покажаваат постоење на законски регулиран систем на рана интервенција кој овозможува оптимален развоој на секое дете со ризик или со развојни потешкотии. Беше особено нагласена активната улога на семејството. (А-1.9.Делетиќ М. Организација на раната интервенција во САД)

Дефектологот е активен и рамноправен член на тимот за рана интервенција кај ризичните деца или децата со развојни проблеми, во делот на детекција и дијагностика,

третман и советодавна работа. (А-1.10. Митревска Р. Улогата на дефектологот во тимот за рана интервенција).

Заклучоците до кои се дојдоа во оваа сесија, со себе ги повлекува следните ***предлози:***

- Организирање на системот на ран скрининг на слух.
- Спроведување на развојни програми во сите единиците за интензивна терапија со цел замена на реактивниот со проактивен модел на делување.
- Грижа за менталното здравје на ризичното дете и родителите.
- Отварање на ресурсни центри за рана интервенција од регионален карактер.
- Формирање на Македонска Асоцијација за Рана Интервенција (МАРИ)
- Поголема застапеност на дефектолозите во тимовите во здравствените установи.

Во рамките на сесијата не беа презентирани два трудови, и тоа „Формирањето на ресурсни центри за рана интервенција- Реална потреба “ и „Раната интервенција - дел од процесот на транзиција во посебното образование во Р. Македонија“, трудови на Христова Е, Фортуманова С, Чекановска-Димитриовска А.

## II. Лица со интелектуална попреченост

**(**подносител на извештајот – Доц.д-р Наташа Чичевска Јовановска**)**

Сесијата се одвиваше во два дела, едниот во периодот од 11:30 до 13:00 часот, а другиот од 16:30 до 17:30 часот. Во првиот дел, со свои презентации учествуваа 7 учесници на конференцијата.

Во однос на интелектуалната попреченост беше обработена следната проблематика:

- Проф. д-р Ристо Петров го презентираше трудот изработен заедно со Лаура Ѓурчиновска „Процесот на деинституционализација во Р. Македонија“, објаснувајќи дека процесот на деинституциоанлизација е започнат во Демир Капија во 2000 година, со опфатеност од 30 корисници, а кој во овој период се реализира низ призмата живеење со поддршка. Но сепак, го истакна проблемот на недовршување на проектите, кој е резултат на неодредени причини.

- Како продолжение на презентацијата на проф. Петров, беше претставувањето на Мишевска Стојковска Тања (претставник од Меѓуопштински центар за труд и социјална

работа), која даде дополнителни информации за начинот на функционирање на проектот „Самостојно живеење со поддршка“.Во 2008 година беа основани **првите служби за поддршка на домувањето во заедницата** наменети за лицата со попреченост над 26 годишна возраст во Скопје и Неготино. Во овие служби се упатени 40 лица од Специјалниот завод, Демир Капија. Овој проект ќе обезбеди поддршка на поранешните корисници на институционална заштита и ќе изгради капацитет за поддршка на лицата со попреченост како ефективна и одржлива алтернатива за установите кои обезбедуваат долгорочно сместување. Со цел да се спроведе сеопфатна реформа на системот на социјална заштита, во Закон за Социјална заштита од 2009 година, во член 26, како нова форма на вонинституционална заштита е предвидено и **правото на самостојно живеење со подршка.**

- Со слична тематика се претстави и Верица Петрова, во соработка со Стојчевска Б. и Смоковски А. „Живеењето со поддршка-поквалитетен живот за корисниците на Заводот за рехабилитација на деца и младинци, Скопје“. Посочувајќи дека заводот соочувајќи се со проблемот на постоење на лица кои ја поминале обуката и работното оспособување, но немајќи родители и семејство сè уште се сместени во заводот, дошле до предлог решение за кое во следниот период ќе се направат обиди да се реализира. Предлогот се состои во креирање и развивање на тренинг центар за оспособување на корисниците за самостоен живот со поддршка, при што се очекува помош и од други владини и невладини организации.

- За современи пристапи и методи на работа со децата со посебни образовни потреби, говореше Александра Калемџиевска, која во соработка со Ристеска Рената, посебно се осврнаа на „Примена на PECS, музико терапија, арт терапија и други алтернативни терапии во работата на дефектолозите“. Беше посочен интересот на дефектолозите и другите стручни кадри за примена на нови, современи и интересни начини на пристап и работа, но и скапиот износ на обуките, како и оскудноста на обуки на територијата на нашата република.

- Следниот автор направи интересна презентација, анализирајќи цртежи на деца со лесна ментална ретардација. Марија Велиновска, презентирајќи дел од својата дипломска работа истакна дека, цртањето иако може да се користи во текот на целиот живот на човекот, сепак најчесто го има во детството, како една од многуте негови карактеристични манифестации. Во детството тоа е дел од симболичната имагинативна игра. Тоа тогаш претставува основна форма на изразување на детската личност, одраз на индивидуалната мисла со егоцентрична конотација.

- Интересна презентација, но и претстава на своите залагања и успеси, изложи Солева Б.Е, во соработка со Лукановска Ј, кои дадоа осврт на улогата на креативните

работилници во ПОУ „Д-р Златан Зремац“. Презентирајќи ги сликите од својот труд, Солева истакна, Развивањето на креативноста кај учениците со посебни потреби е многу значајна и корисна за нив. Се развива мануелната спретност, фината моторика, запознавање и користење на различни материјали при работа, прецизност и уредност во работата, естетско вреднување на изработеното и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот.

- За креативноста говореше и Брзовска Златевска А., во соработка со Анастасова Петревска В., поточно насочувајќи се на „Креативноста и интелигенцијата на учениците во посебното и редовното училиште“. Од истражувањето, можеше да се утврди дека и покрај тоа што не постојат разлики во интелектуалниот развој на учениците од редовните и оние со оштетен слух, сепак постојат разлики во нивната креативност.

Во вториот дел, активни учесници беа 6, а во аудиториумот присуствуваа околу 25 лица.

- Теловска Нермин, даде краток осврт на вербалното помнење кај децата, од каде како заклучок можеше да се наведе дека, способноста за помнење на вербален исказ е еден од основните предуслови за вербална комуникација, но исто така и неопходност за успешно совладување на наставно образовните содржини. Оттука произлегува потребата во установите за деца со воспитно образовна дејност да се работи на унапредување на меморијата преку вежби за меморија, здрав режим на живот, здрава исхрана, доволен сон, физички активности кои го подобруваат мозочниот крвоток, и редукција на стрес.
- За сензитивната комуникација и интеракција со деца со лесна интелектуална попреченост низ принципите на ИЦДП програмата, говореше м-р Нергис Рамо Акѓун, истакнувајќи дека, постои потребата од примена на посензитивен и поемотивен пристап кон учениците со лесна интелектуална попреченост во текот на реализацијата на воспитно-образовниот процес.
- За половиот развој, абнормалното полово однесување и сексуалното воспитание кај лицата со инвалидност во Р. Македонија, зборуваше м-р Оливера Рашиќ, која нагласи на итната потреба од што е можно порано започнување со половото воспитание, уште во рамките на семејството, но и креирање на соодветна програма за обработка на оваа проблематика во рамките на училиштата, посочувајќи дека сите луѓе се сексуални суштества без разлика на инвалидитетот.
- М-р Благоја Гешовски, во соработка со Недовиќ М., ја претстави темата која се однесуваше на секојдневните животни активности на лицата со ментална ретардација. Од истражувањето на Гешовски можеше да се дојде до заклучок дека постои голема

корелација помеѓу менталната ретардација и секојдневните животни активности, но и во склад со возраста и искуството на лицата со ментална ретардација.

- М-р Лозановска Билјана, во соработка со колешките Стамболџиевска Л., Филипова С., Живорадиќ Најдовска Д., како и проф. Петров, ја презентираше проблематиката поврзана со нивото на организираност на психомоториката на горните екстремитети кај лицата со умерена интелектуална попреченост, заклучувајќи дека постои недограденост на моториката на горните екстремитети, фините моторни активности се неспретни, некоординирани со треперење на рацете, неиздиференцираност на моторните функции на прстите, со други зборови појава на синкинезија и нусдвижења.
- Последното излагање беше од страна на Саздова Д. која даде осврт на развојни програмски концепти за деца со умерена и тешка попреченост во интелектуалниот развој. Во своето излагање Саздова напомена дека, секое дете со умерена или тешка попреченост во интелектуалниот развој има ***индивидуални карактеристики*** и ***темпо на развој***, а тоа неминовно укажува на потребата од индивидуален План и Програма за стручен дефектолошки третман, но и примена на современи методи и облици на работа.

Во вториот дел од сесијата отсутна беше една од авторките на трудови кои требаше да се презентираат, Петковска Ана.

Во однос на дискусијата, само еден учесник по завршувањето на првиот дел истакна дека шареноликоста на темите и проблематиката која е опфатена се од големо значење за стекнување на нови информации и сознанија.

## III. Инклузивно образование

**(**подносител на извештајот – Рената Ристеска**)**

Активностите на оваа сесија започнаа и се реализираа во предвиденото време од 09.00 до 11.00 часот. По завршување на сесијата следеше плодна дискусија за веќе презентираните теми и проблемите што беа опфатени во нив.

По дискусијата беа донесени следните заклучоци:

- Потребни се програми за едукација на родители, формирање сектор за поддршка и нивно активно учество во едукативниот процес на децата со ПОП во редовното образование
- МОН, БРО, во координација со посебните и редовните училишта да и развијат и практично имплементираат во пракса индикаторите за инклузија - вид и степен на

инвалидност на детето, потребни предуслови; правата на децата со ПП постојат и се неприкосновени, но исто така важно е и решавањето на нивниот (развоен и едукативен)проблем

- Дополнување – прецизирање на Законот за образование – утврдување на детална рамка за спроведување на инклузијата во редовните училишта; перспективно донесување на Закон за инклузивно образование
- Измени и дополнувања на Правилникот за утврдување на специфичните потреби на лицата со инвалидност
- Да се воспостави соодветна инклузивна методологија, стратегии за инклузивна практика
- Наставниот кадар во редовните училишта во континуитет да се едуцира и стручно надоградува во областа на работа со деца со ПП
- Да се постават стандарди за детекција, евиденција и формирање на централна база на податоци за деца со ПП
- Комисијата за проценка и категоризација да изготвува функционална проценка на преостанатите способности на детето, податоци кои ќе бидат достапни до сите кои учествуваат во процесот на едукација и рехабилитација;
- Тимска евалуација на ИОП, постигнување на целите и задачите; поставување нови , соодветни на потврденото ниво на постигнувања на детето
- Донесување Правилник кој ќе ги пропиши стандардите кои едно редовно училиште треба да ги исполни за да може да прифати дете со ПП
- Да се изготви Протокол за меѓуинституционална соработка
- Да се изврши трансформација на посебните основни училишта во ресурсни центри, менаџирање на кадар за стручна помош во редовните училишта
- Да се дефинира новата улога на дефектологот, да се утврдат компетенции и работни задачи, како дел од стручниот тим во редовното училиште
- Да се изградат стандарди и критериуми за вреднување и оценување на образовните постигнувања на децата со ПП во инклузивното училиште
- Доследно почитување на одредбите од Законот за вработување на инвалидизирани лица во РМ, креирање на контролни механизми за детекција и правна интервенција во случај на злоупотреба
- организирање на дебати, трибини во рамките на СДМ заради изедначување на ставовите на стручната фела по прашањето на инклузивниот процес во РМ

## IV. Вработување на лица со инвалидност
(подносител на извештајот – Доц.др.Зоран Киткањ)

Активностите на оваа сесија започнаа и се реализираа во предвиденото време од 16.30-17.30.

На сесијата беа присутни 13 учесници, со вкупно шест пријавени трудови. Од пријавените трудови четири беа од Р.Македонија а останатите два од Белград, Р.Србија.

Учесниците од Р. Србија во нивната презентација говореа за бариерите при вработување на лицата со инвалидност кои произлегуваат од социјалната средина, но истите може да имаат и внатрешна природа. Авторите на трудот укажуваат дека ограничувањата на работната способност кај лицата со инвалидност можат да имаат објективен и субјективен карактер.

Тука спаѓаа негативните ставови на фирмите и менаџерите, недостигот на образование и работно искуство, неприлагоденоста на работните места, нерамнотежата на понудата и побарувачката на пазарот на трудот и други финансиски причини.

Понатаму следуваа уште две презенатции во кои се говореше за проблемите со кои се соочуваат лицата со инвалидитет при нивното вработување, едната за лицата со оштетен слух а другата за лицата со аутизам.

По излагањето на трудовите за дискусија се јавија вработените од ПОУ ” Партенија Зографски ” , Секретарот од Здружение на глуви и наглуви од Струмица и Управителот на Заедница на заштитни друштва-ЗАПОВИМ Скопје.

Темите за кои се дискутираше беа акутелни и учесниците активно се вклучија во нив. Се зборуваше за Законот за вработување на инвалидните лица, поволностите кои ги нуди државата на работодавецот за вработувањето на инвалидните лица, за нивната зллоупотреба, проблеми со кои се соочуваат инвалидните лица во средината во која работат, за изборот на работните места кои им се нудат , условите во кои се образуваат сл.

Во трудот ***Ставови и размислувања на работодавачите, вработените лица и родителите за можностите за вработување на лицата со аутизам авторите*** укажаа на сериозните проблеми при вработувањето на лицата со аутизам односно немањто на слух и разбирање кај работодавците за оваа категорија на хендикепирани лица.

На крајот од расправата се заклучи дека правните прописи со кои се регулира прашањето за вработување на оваа ранлива категорија на граѓани во Република Македонија се на завидно ниво. Со други зборови кажано и земјите од ЕУ не нудат такви погодности на работодавците кога станува збор за вработување на лицата со инвалидност. Проблемите до неодамна ги гледавме во разните злоупотреби на работодавците, но со измените и дополнувањата на Законот за вработување на инвалидните лица се воведени механизми со кои злоупотребите се елиминирани или сведени на миниум.

Исто така после исцрпната расправа се заклучи дека државата треба повеќе да вложува средства во смисла на зголемување на репертоарот на занимања како лицата со инвалидност би биле по конкурентни на пазарот на трудот.

Средните стручни училишта за ученици со ПОП треба да се преструктуираат односно да се преориентираат на нови занимања со што ке се создадат услови за нови вработувања.

V. **Лица со оштетен слух**
(подносител на извештајот – Оливера Филиповска)

Сесијата започна во предвидениот термин од 09.00h. Сесијата за лица оштетен слух ја отвори господин Перица Алексиќ. Во одреден дел од сесијата модераторската улога ја превзема госпоѓа Оливера Филиповска. На оваа сесија своите трудови ги презентираа вкупно 11 трудови:

- „Приказ на случај на испитаник со кохлеарен имплант“ - Илиевска Г, Димовска В. Во презентацијата беше прикажан развојот на општа вербална комуникација како и аудитивната перцепција односно напредокот на едукативно – рехабилитацискиот процес во заводот.

- „Организација на слушниот тренинг кај децата со кохлеарен имплант“ - Голубовиќ М, Стевановиќ Д. Во рамките на овој труд беше презентирана организација на еден час на кој беше спроведен аудитивен тренинг за помала и постара возраст на училишни деца.

- „Рехабилитација на деца со кохлеарен имплант“ – Павловиќ П,. Чарапиќ С. и Живковиќ Г. Во овој труд беше потенцирана важноста на континуирана рехабилитација, без неа слушните и говорните способности нема да се развијат и само добро конципирана рехабилитација овозможува максимална искористеност на операцијата за кохлеарен инплант.

- „Перспективите во третманот на деца со кохлеарен имплант“ - Поповиќ С. Беше презентиран бројот на ученици со кохлеарен имплант кои посетуваа говорна и слушна рехабилитација и едукација во училиштето за слушно оштетени ученици „Стефан Дечански“ во Белград од 2000 година до денес. Импонираше податокот дека иако на почетокот сите операции беа изведувани во Германија и Грција, денес целиот процес се изведува во Клиничкиот центар во Белград.

- „Проблеми кај лицата со оштетен слух во Р.Македонија“ - Цакиќ М., Јачова З. Презентираните резултати од овој труд укажуваат на тоа дека голем број од лицата со оштетен слух не се вработени и имаат проблеми при посетувањето на јавните институции бидејќи комуницираат на знаковен јазик.

- „Мултимедијални апликации за работа со деца со оштетен слух н а предучилишна возраст“ - Павловиќ П., Чарапиќ С. Живковиќ Г. Овој труд беше фокусиран на употребата на мултимедијалните апликации за работа со деца со оштетен слух на предучилишна возраст.

- „Процена на зрелоста и дисграфичноста на ракописот кај слушно оштетени деца од школска возраст“ - Стојменовска-Мицевска М., Филипова С. Резултатите од истражувањето покажаа дека примената на психомоторната реедукација го збогатува сензорното искуство на детето и овозможува поквалитетен развој на графомоторните активности на детето со слушно оштетување.

- „Специфичности во пишувањето кај децата со оштетен слух“ - Милевска М. Според добиените резултати, во рамките на овој труд беше истакнато дека слушно оштетените ученици покажуваат значајни проблеми во квалитетот и квантитетот на пишаниот говор односно промени во синтаксичките и морфолошките карактеристики согласно петте варијабли кои беа избрани за ова истражување. За таа цел се препорачува соодветен рехабилитационен третман кој ќе овозможи развој на говорните способности и писменото изразување кај учениците со оштетен слух.

- „Значењето на речникот во наставата по македонски јазик во училиштата за деца со оштетен слух“ - Спировска А. Авторот на овој труд ги изнесе своите заклучоци, според кои: возраста влијае врз усвоеноста на речникот, делумно влијание има степенот на оштетување на слухот, додека пак полот како варијабла покажала дека нема свое влијание во усвојување на речникот.

---

- „Обемот на речникот кај децата со оштетен слух во процесот на читање и пишување“ - Спировска А., Стојменовска-Мицевска М., Жирова Т. Во овој труд беше презентирано уште едно истражување што се однесуваше на факторите кои влијаат врз обемот на речникот. Беа презентирани следните заклучоци: учениците со оштетен слух повеќе го владеат речникот што се препознава при читањето, отколку речникот што се користи во пишувањето, обемот на речникот кај децата со оштетен слух е многу помал од редовната популација на иста возраст, возраста влијае врз обемот на речникот, степенот на оштетување на слухот делумно влијае врз обемот на речникот, додека пак полот не влијае врз истиот.

- „Карактеристики на емоционалниот и свесниот живот на глувото и наглувото дете“ - Стоилковиќ С. Емоционалниот живот не се развива како кај децата од редовната популација бидејќи недостигаат акустичките дразби како важен фактор во формирање на пријатни и непријатни доживувања. Недостигот на акустични дразби предизвикува осимарошување на воспитно-образовните вредности на чувствата.

Во рамките на оваа сесија не беше презентиран трудот на Ковачевиќ Ј., Кариќ Ј., Радовановиќ Ј. – „ Наставни методи и постапки во работата со деца со оштетен слух“

Според донесените заклучоци беа донесени и следните **препораки:**

- ❖ Поголемиот број на лицата со оштетен слух т.е испитаниците не се вработени, а додека оние кои се вработени наидуваат на проблеми на работното место и не земаат редовно плата.
- ❖ Испитаниците имаат проблеми околу пристапот на информации и комуникација со други лица кои слушаат и притоа им е потребна помош од страна на друго лице.
- ❖ Поголемиот број на испитаници би можеле да се стекнат со високо образование, доколку има соодветни услови и нивните ставови се дека треба да се обезбеди вертикална проодност од средно кон високо образование за лицата со оштетен слух.
- ❖ Испитаниците наидуваат на многу потешкотии при посетување на јавните институции,бидејќи имаат отежната комуникација, потребна им е помош од страна на друго лице и неможат сами да ги следат културните настани.
- ❖ Со унифицирањето на Знаковниот јазик, најголем број од испитаниците сметаат дека на тој начин ќе ги отстранат бариерите во комуникација со другите лица со оштетен слух.

---

- Да се обезбедат толкувачи на знаковен јазик во високото образование за непречена комуникација на студентите со оштетен слух.
- Афирмација на културата и знаковниот јазик на лицата со оштетен слух во општеството пожелно би било да биде преку печатените медиуми, телевизијата итн.
- Лицата со оштетен слух би требало да ги имаат истите права во општесвото како и сите други, да можат јавно да ги посетуваат културните настани, јавни установи, да се обезбедат преведувачи кои ќе им помагаат на лицата со оштетен слух да можат успешно да се вклучат во општествената заедница.
- Лицата со оштетен слух треба да ги поседуваат истите права како и другите, т.е рамноправно да се вработуваат, зависно од можностите и да не се злоупотребуваат нивните права за навремено добивање на плата.

## VI. Сесија за лица со растројство во говорот и гласот
(подносител на извештајот – Доц. д-р Силвана Филипова)

Презентирањето на темите од оваа сесија се одвиваше во два дела, претпладне од 11:30 до 13 часот и попладне од 16:30-17 часот. Од предвидените 10 теми беа презентирани 8 теми. На сесијата беа присутни 40 слушатели. На оваа сесија беа презентирани следните трудови:

- „Развој на артикулацијата на гласовите кај децата на предучилишна возраст", чии автори се: Филипова С., Шостер Д., Димитривска Ж. Во оваа презентација беше прикажана состојбата на гласовите кај децата од 3 -6 годишна возраст.
- „Дислалијата – проблем при социјализацијата на школските и претшколските деца" чии автори се: Угриновска М., Угриновска Пандева А. Во оваа тема беше прикажано влијанието на дислалијата врз социјализацијата на овие деца
- „Успешна логопедска рехабилитација кај случај со хиперназален говор", автори на оваа тема се: Јовановска М., Лазаровска В., Делевски Б. Во оваа тема беше прикажан еден логопедскиот третман кај дете со ринолалија.
- „Примена на компјутерот во логопедскиот третман на деца со аутизам" - Ташкова Е., Теловска Н., Петреска Н. Во овој труд беше прикажана апликативноста на компјутерот во дефектолошкиот третман.
- „Развиеноста на рецептивниот говор во однос на гностичката организираност кај децата со умерена интелектуална попреченост". Автори на овој труд се: Живорадиќ – Најдовска Д., Петров Р., Стамболџиоска Л., Филипова С., Лозановска Б. Во овој труд беше

прикажана директната зависност меѓу развојот на рецептивниот говор и гностичката организираност кај децата со умерена интелектуална попреченост.

- Ламбдацизам кај деца на пет годишна возраст: фрекфенција и значење - Теловска Н., Ташкова Е. Во овој труд беше прикажана фрекфенцијата на оваа говорно нарушување кај децата од предучилишна возраст.
- „Состојбата на гласовите кај учениците со оштетен слух пред и по рехабилитацијскиот третман“ - Филиповска О., Христовска Л., Несdroska М. Во овој труд беше прикажана потребата од тестирање на говорниот статус кај децата со оштетен слух пред започнувањето со сурдоаудиолошкиот третман.
- „Примена на Ballovent системот во третман на орофацијалната миогена инсуфициенција како последица на функционални и органски пореметувања на гласот“. Автори на овој труд се: Пешевска М., Димитрова И., Попоска А.

Во овој труд беше прикажана практичната примена на Ballovent системот во третманот на орофацијалната миогена инсуфициенција кај функционални и органски пореметувања на гласот.

По презентацијата на трудовите и по дискусијата на присутните беа донесени следните **заклучоци:**

- Сите трудови кои беа презентирани ја третираа говорната патологија.
- Говорната патологија е доста сложена и сеуште недоволно проучена па од тука произлегува и потребата од изградување на стручните ставови по прашањата на дијагностиката и рехабилитацијата на лицата со растројства во говорот.
- Стручните лица кои се занимаваат со оваа проблематика имаат потреба од следење и примена на најсовремените методи во дијагностиката и рехабилитацискиот третман.
- Унапредување на рехабилитацискиот третман преку примена на најсофистицираната апаратура која веќе се користи во другите земји.
- Зголемена соработка на логопедот со останатите стручни профили.

Според донесените заклучоци беа предложени и следните **препораки:**

- Организирање на што поголем број на на вакви стручно-научни собири на кои ќе се разменуваат стручни сознанија од областа на дефектолошката теорија и практика
- Посета на институции кои ја третираат оваа проблематика во странство
- Зачленување на нашите стручни лица во меѓународните здруженија.

## VII. Лица со аутизам

(подносител на извештајот Проф. д-р Владимир Трајковски )

На сесијата за **“Третман на лицата со аутизам“** која започна во 16 часот и 30 минути во сала 3, присуствуваа 50 учесници, а беа презентирани 5 теми.

Сесијата ја отвори Трошанска Ивановска Јасмина со темата “Учење на броевите од 1 до 10 кај дете со аутизам“, со интересна видео-презентација на случај од ПОУ “Златан Сремац“ , каде што на мошне пластичен начин беше прикажано учењето на основните броеви.

Потоа следуваше темата “Аутистичен лавиринт“ на колешките Богатинова и Попова, кои на аудиториумот му преставија еден документарен филм за проблемите со кои се соочува едно семејство со дете со аутизам од Велес.

Како трета тема беа претставени “Ставовите и мислењата на родителите и студентите за сексуалниот развој, однесување и полов идентитет кај лицата со аутизам“ на авторите Младеновска Бисера и Трајковки Владимир, кои направија добар приказ на состојбата со сексуалноста на лицата со аутизам со што беше разбиена табу темата за половиот развој на овие лица.

Филипова, Лозановска, Поповска и Ѓурчиновска ја презентираа темата “Приказ на дете со ран детски аутизам“, каде што дадоа посебен осврт на логопедскиот третман, тема што недостасува во нашата стручно-научна литература.

Презентерскиот дел од сесијата го затворија учесниците Трошанска-Ивановска и Трајковски со приказот на темата: “Искуства на родители на деца со аутизам во Р.Македонија“, од каде што може да се забележи нееудицираноста и непознавањето на проблемот на синдромот од страна на родителите.

По презентацијата на темите следуваше мошне инспиративна и плодна **дискусија** во која учество земаа 12 дискутанти.

Наташа Пајовска запраша за епидемиолошките показатели во Р. Македонија, на што доби одговор дека според податоците на МНЗА, во нашата држава преваленцијата на аутизмот изнесува 0,50 на 10.000 живородени што претставува бројка под секоја процена. Според светската естимација се очекува во нашата Република да има околу 2.040 лица со Канеров тип на аутизам. Проблемот на малата евидентираност лежи во нееудицираноста на

стручните профили, криењето на проблемот од страна на родителите и што е најзначајно неадекватното дијагностицирање од страна на професионалците.

Живка Димитровска го постави прашањето до каде е ситуацијата со дневниот центар за згрижување на деца со аутизам. Проф. д-р Љ. Ајдински, како одговор даде предлог за убедување на авторитетите од МТСП при отворањето на новите дневни центри, барем еден да биде за деца со аутизам. Проф. д-р Трајковски укажа дека и порано МНЗА има испраќано писма за иницијатива за отворање на ваков центар до сите три ресорни Министерства. Можеби ќе биде потребно една делегација од стручњаци да извршат притисок врз МТСП во таа насока. Евидентно е дека сите состави на Влади од периодот на осамостојување до денес немаат интерес за овој социјално-медицински проблем. Проф. д-р Петров, напомена дека во Министерството се работи на овој проблем, но многу бавно и без видливо решение.

Колешката Бранкица Димитровска ја наметна дилемата дали ако се отворат дневни центри ќе има доволно стручен кадар, на што доби одговор дека тие ќе треба да се обучат од специјалисти од странство. Овде се наметнува и проблемот за сместување, грижа и вработување на возрасните лица со аутизам.

Ведат Бајрами говореше за искуството од Косово, каде што истакна дека децата со аутизам се поделени во специјални одделенија со кои работат обучени наставници и асистенти.

Ѓорѓиевска Илина го потенцираше проблемот за недијагностицирање на лица со Канеров тип на аутизам како страв на педијатриски служби во Битола за поставување на таа дијагноза. Сличен проблем се јавува и во Велес каде што лекарите често не знаат точно да го дијагностицираат овој проблем давајќи погрешен наод и терапија. Наташа Пајовска укажа на тоа дека медицинските лица попрво би се одлучиле за дијагнозата церебрална парализа или интелектуална попреченост отколку да ја дадат вистинската дијагноза.

Живка Јорданова го нагласи проблемот дека во “Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас“ во Скопје за прв пат било отворено одделение кое денес не функционира поради одбивноста на родителите и неприфаќањето на дијагнозата аутизам.

Колешката Рената Ристевска истакна дека треба да се спроведе поагресивна кампања за информирање на родителите, на што претседателот на МНЗА одговори дека здружението работи во таа насока информирајќи ги присутните дека на 30ти мај ќе се

оддржи ликовна работилница на децата со аутизам на Филозофскиот факултет во Скопје, која ќе биде медиумски покриена.

Валентина Дуковска го спомена искуството за одличната соработка помеѓу дефектолозите и педијатрите што е евидентно на Клиниката за детски болести во Скопје, изразувајќи ја улогата на дефектологот како рамноправен член во тимот.

Сесијата беше затворена во 18 часот и 45 минути.

Од презентациите и дискусијата можат да се извлечат следните **заклучоци**:

- Неопходна е жестока кампања во медиумите за подигнување на јавната свест за овој горлив проблем;
- Потребна е едукација на сите стручни профили преку организирање на едукативни семинари, конгреси и симпозиуми со поканување на еминентни стручњаци од странство;
- Да се овозможи информирање, психо-социјална поддршка и едукација на родителите;
- Од исклучителна важност е лобирањето врз државните органи и институции за нивно сензибилизирање за проблемот во насока за вложување на повеќе матријално-финансиски средства за оваа маргинализирана популација;
- Да се обезбеди дополнителна наобразба на лекарите за дијагностичките критериуми;
- Потреба од превенција на сексуалната злоупотреба на лицата со аутизам преку создавање на воспитно-образовна програма каде ќе биде застапено сексуалното воспитание и образование за лицата со аутизам;
- Воведување на новите методи како што се: PECS, TEACH, ABA и др. во работата на дефектолозите и другите стручни кадри;
- Ургентна е потребата од отворање на центар за рана детекција, дијагностика, третман и рехабилитација на децата со аутизам, како и дневни центри за возрасни лица со аутизам.

## VIII. Сесија - Теми по избор

(подносител на извештајот Доц. д-р Зоран Киткањ )

Активностите на оваа сесија започнаа и се реализираа во предвиденото време од 09.00-11.00. На оваа сесија беа присутни 20 учесници, со вкупно 11 пријавени трудови. Од пријавените трудови десет беа од Р.Македонија а еден од Сомбор, Р.Србија, притоа

седум учесници презентираа, а останатите четири не беа присутни. Трудовите кои останаа не презентирани се: „Нумерички способности кај деца кои на шест годишна возраст поаѓаат на училиште, како предуслов за формирање за поимот број“- Чукиќ Р., Еминовиќ Ф., Пациќ С., Тадиќ В., „Положбата на младите лица со инвалидитет во Србија“ – Кариќ Ј., Радовановиќ В., Лазиќ Д., „Предлог за модификација на наставниот план и програма по физичко воспитание во училиштата за ученици со церебрална парализа“ – Еминовиќ Ф., Никиќ Р., Одовиќ О., Пациќ С., Недовиќ Г.

Трудовите кои што се презентираа опфаќаа повеќе теми од различна област. Најголемиот број од нив се однесуваа на проблемите со кои се соочуваат лицата со оштетен слух.

Еден од авторите говореше за проблемите кај децата со АДХД и упатствата за наставниците во воспитно-образовната работа со овие ученици. Од изнесеното се заклучи дека поголемиот број на ученици со АДХД за разлика од нивните врсници постигнуваат послаб успех во училиштето. Заради поефикасна и поуспешна работа со овие ученици потребни се дополнителни часови на индивидуална настава со детето и упатства за наставниците во воспитно-образовната работа.

Понатаму следуваа две презентации за примена на Монтесори педагогијата кај учениците со посебни образовни потреби- едната за примена на табла за множење адаптирана за слепи и слабовидни ученици, за другата за јакнење на способностите за движење и зголемување на самостојноста, исто така кај учениците со оштетен вид. Заклучокот од двете презентации беше дека овој пристап ја поттикнува независноста на учениците со посебни образовни потреби, допринесува за развој на моториката и образованието во целост.

На сесијата беше прикажан приказ на случај на дете со тешка форма на телесна инвалидност, кај кое е применет нов метод на работа Move програмата. Оваа програма претставува функционална проценка на моменталната состојба на детето, неговите способности, и разработување на план за понатамошни вежби. Како крајна цел има подобрување на квалитетот на живот на лицата со тешка инвалидност и потполна партиципација во домот и училиштето.

Во презентацијата за социјалните и семејните односи на децата со оштетен вид беа претставени различните фактори кои влијаат на семејните односи кај овие деца и нивните лични карактеристики. Некои од препораките се однесуваа на потребата за спроведување на адекватно инклузивно образование, со цел подобрување на социјалните интеракции на децата со оштетен вид со нивните врсници.

Понатаму, во следната презентација беше нагласена важноста за рано откривање, дијагностика, корекција и рехабилитација на видот кај деца со комбинирани пречки во развојот - оштетен слух и оштетен вид.

Во последното излагање беше прикажана видео презентација насловена како Наши приказни, каде што самите лица со попреченост говореа за нивната потреба за вклучување во општествениот и културниот живот, преку образование, вработување и независност. Целта на ваквите видео презентации е подигнување на свеста на јавноста во врска со сите прашања поврзани со инвалидноста.

***

Последниот ден од конференцијата беше наменет за пленарна седница, водена од страна на Петрушев Г., Ајдински Љ., Петров Р. и Гаштаров П. Се стави акцент на проблемите кои треба да се разгледуваат во иднина и кои се од круцијално значење за унапредување на дефектолошката теорија и практика.

Претседателите на сесиите имаа за задача да ги презентираат заклучоците и предлозите од презентираните трудови, по што следеше кратка дискусија која имаше за цел извлекување на конечни заклучоци за значењето на конференцијата и научната тежина која таа ја носеше со себе.

Во рамките на овој дел од страна на Проф. д-р Ристо Петров, беше направена една ретроспектива на „Состојбата на дефектолозите кои дипломираа, магистрираа и докторираа на Институтот за дефектологија“.

На крај како  резиме слободно можеме да констатираме дека беа реализирани целите што научниот и организациониот одбор ги постави пред почетокот на конференцијата. Тежината и успешноста на истата не се сведува само на оживување на дефектолошките денови, туку и унапредување на едукацијата и рехабилитацијата на лицата со посебни образовни потреби. Особено интересно за конференцијата е тоа што имаше едно шаренило на учесници, односно млади дефектолози кои многу скоро се сретнале со практичните дефектолошки проблеми, но и дефектолози кои се веќе докажани и истакнати стручњаци во оваа област. Овој сплет на искуството и ентузијазмот се покажа како мошне продуктивни и доходовни.

30.08.2010 год. Подносител на извештајот:
Скопје Велкоска Ангелка

Претседател на Сојузот
Горан Петрушев